Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 01.07.2022

На 30.06.2022 во 16.50 часот на ул.„Владимир Полежановски" во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(38) од Скопје. Тој бил баран по Централна потернница од Казнено-поправната установа Затвор Скопје, поради бегство од затворот. Лицето било предадено во казнено-поправната установа за доиздржување на затворската казна.

На 30.06.2022 во 09.40 часот во с.Неготино, гостиварско, полициски службеници на СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 22-годишниот С.Т. од с.Неготино. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 30.06.2022 во 11.45 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го привеле С.Е.(32) од Куманово, затоа што при пасошката контрола било констатирано дека е на СТОП-листа во службената евиденција и се бара по телеграма од Одделението за потраги, Сектор за меѓународна полициска соработка при МВР за издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Затвор Куманово. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Куманово за понатамошна постапка по што ќе биде спроведен во КПУ Затвор Куманово.

На 30.06.2022 во с.Башино Село, велешко, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода С.И.(46) од С.Бузалково, велешко и М.Ј.(35) од Велес. Тие биле затекнати со работна машина – багер при ископ на земја на ул.„Браќа Петковиќ" во с.Башино Село, со што предизвикале оштетување на водоводна инсталација, односно ја прекинале доводната цевка и настанал прекин во водоснабдување во селото. Увид извршила екипа од СВР Велес, а лицата биле приведени во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во консултација со Јавен обвинител против двајцата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.07.2022 во 01.20 часот на улица „Пелинска" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р.(26) од Куманово. Тој бил затекнат при обид да одземе предмети од приватен имот. С.Р. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 01.07.2022 околу 02.30 часот на локалниот пат во тетовско Слатино, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 38-годишниот Ј.И. од ова село, затоа што при негов и преглед на патничко моторно возило „фолксваген голф", се тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувал, била пронајдена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за документирање на случајот и ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 01.07.2022 во 00.15 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода А.С.(29) од Струмица, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.06.2022 во 22.55 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ц.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2022 околу 00.00 часот во охридското село Долно Лакочереј, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Т.Б. од Охрид затоа што пред продажен објект во селото физички го нападнал Р.С.(33) од Охрид, по што, при преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.06.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 47 возачи, од кои 10 санкции се изречени на територија на Битола, 14 на територија на Ресен, 21 санкција во Прилеп и 2 во Македонски Брод.

На 30.06.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 3 надвор од населено место и 14 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден во периодот од 09.00 до 14.00 часот била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат првенство на минување на возила, при што санкционирани се 7 возачи. Санкционирани биле и 32 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 5 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за непропишно престигнување, 3 за некористење сигурносен појас, 7 за користење мобилен телефон и 5 за некористење заштитна кацига.

На 30.06.2022 во 06.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Јон Кенеди" и ул.„Исмаил Ќемали" во Скопје, патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Т.(63) од Скопје, удрило во велосипедист В.Ж.(20) од Скопје. По несреќата, В.Ж. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" – Скопје каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 30.06.2022 во 13.15 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Димитар Влахов" во Кочани, З.Д.(63) од с.Долни Подлог, кочанско, управувајќи велосипед излетал од патот. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Јавната здравствена установа Кочани. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кочани.

На 30.06.2022 во 13.00 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека во Јавна здравствена установа Кочани со тешки телесни повреди бил донесен малолетник од Македонска Каменица. Според пријавеното, тој се здобил со повредите на 29.06.2022 околу 17.00 часот на ул.„Гоце Делчев" во Македонска Каменица, при пад од мотоцикл кој го управувал. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Делчево.

На 30.06.2022 од страна на полициски службеници од Единицата за насилен криминал - Одделение за насилен криминал лишени од слобода се С.Д.(61), Н.К.(37) и М.Р.(43), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека извршиле кривично дело „изнуда" по чл.258 од Кривичниот законик. Имено, С.Д., поради претходен долг на оштетеното лице во износ од 63.500 евра во текот на 2004 година, до 2019 година со закани му наплатил околу 440.000 евра. Во периодот од 2019 до 30.06.2022 година, С.Д., заедно со Н.К., во име на М.Р., полициски службеник, со закани по живот, му изнудиле дополнителни парични средства во износ од 560.000 евра со рок на исплата до 30.06.2022 година. Притоа, со оглед на сумата, оштетениот се договорил со изнудувачите неделно да им предава од 5.000 до 10.000 евра, сè до конечната исплата на 560.000 евра. По преземени мерки и активности од страна на полициски службеници, а во координација со Основното јавно обвинителство Скопје, по примопредавање на пари во износ од 3.000 евра од страна на оштетеното лице, трите лица се лишени од слобода. Тие се задржани во полициска станица, а денеска (01.07.2022), против нив е поднесена кривична пријава по брза постапка и изведени се пред надлежен Јавен обвинител.

Денеска (01.07.2022) околу 11.10 часот од страна на полициски службеници од ОВР Кочани, по наредба на Основен суд Кочани, извршен е претрес на дом и други простории кај С.Ц.(47) од Кочани, при што се пронајдени и одземени 11 пакувања со марихуана и семки од растение. Поради сомнение за сторено кривично по чл. 215 од Кривичниот законик, С.Ц. е лишен од слобода и во координација со Јавен обвинител од ОЈО Кочани, по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.06.2022 во 19.00 часот во Полициското одделение Петровец, 63-годишен жител од скопско пријавил дека околу 12.00 часот, по претходен договор со Д.Н. за набавка на огревни дрва, Д.Н. со товарно возило кај пријавителот и неговата мајка истоварил помалку огревни дрва отколку што му биле платени и не издал соодветен документ за нив. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2022 во 22.40 часот во Полициската станица Центар, Н.Ј.(22) од Скопје пријавил дека на 29.06.2022, во периодот од 03.00 до 03.30 часот, пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2022 околу 15.00 часот во Полициското одделение Мирковци, Г.Б.(43) од с.Мирковци, скопско, пријавил дека во село Мирковци, додека вршел ископ за канализација, пронашол една неактивирана граната калибар 82 мм. Гранатата била подигната од местото за понатамошна постапка. Увид бил извршен.

На 01.07.2022 во 01.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, жена од Скопје пријавила дека на 30.06.2022 околу 23.00 часот во двор од куќа на подрачјето на Ѓорче Петров, поради нарушени односи, била физички нападната од нејзиниот сопруг П.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Драчево, Г.С.(45) од Скопје пријавил дека на 28.06.2022 околу 23.00 часот во населба Драчево, по претходна расправија, бил физички нападнат од И.Н., кого го познавал и од уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2022 во 21.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.М.(53) од с.Јурумлери, скопско, пријавил дека околу 21.00 часот во с.Јурумлери настанал пожар во трафостаница. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 30.06.2022 во 16.45 часот во СВР Тетово, од Центарот за социјални работи Тетово било пријавено 43-годишна тетовчанка кај нив пријавила дека на 28.06.2022 била физички нападната од И.С. од Скопје, со кого била во љубовна врска, во неговиот дом во Скопје. Според пријавеното, откако избегала, таа побарала лекарска помош во Клиничка болница Тетово, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2022 во 09.40 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека на обиколница Скопје, во близина на клучка Арачиново кон клучка Стајковци, настанал пожар во приколка на товарно возило во движење „мерцедес", со неготински регистарски ознаки, управувано од А.К.(31) од с.Студеничани, скопско. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 01.07.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Чаир, Д.С.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Скоевска" бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет